Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Avokatura Shtetërore eRepublikës
së Maqedonisë së Veriut

Брoјa
05.10.2021

Б/11 376
5.10.2021

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ
И КОРУПЦИЈА - СКОПЈЕ

| Примено: | 05.10.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| КО | 36/21 | Ивана | |

А.Бр.33/21
Скопје,05.10.2021 година
Државно правобранителство
на Република Северна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351
e-mail. dpskopje@dprsm.gov.mk

До
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА**

**Предмет: Достава допис бр.02-10076/4 од 04.10.2021 година и допис бр.08-5566/1 од 04.10.2021 година врска Ваш КО бр.36/21 од 17.09.2021 година**

Почитувани,

Врска Ваш допис КО бр.36/21 од 17.09.2021 година со кој до Државното правобранителство на Република Северна Македонија доставивте списи за произнесување по однос на оштетно побарување и кривичен прогон, во врска со водење на истражна постапка за набавка на софтвер за определување на просечна брзина на возила во сообраќајот и изрекување на казни, Ве известуваме дека на ден 30.09.2021 година од Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, примен е допис заведен под архивски број 02-10076/3 од 30.09.2021 година со приложени списи со нивно произнесување, во врска со Вашето барање за произнесување по однос на предјавување на оштетно побарување и приклучување кон кривичен прогон, кој Ви го доставивме на ден 30.09.2021 година.

Ве известуваме дека на ден 04.10.2021 година Државното правобанителство на Република Северна Македонија од Владата на Република Северна Македонија-Генерален Секретаријат примен е допис заведен под архивски број 02-10076/4 од 04.10.2021 година со кој известуваат дека дописот заведен под архивски број 02-10076/3 од 30.09.2021 година го повлекуваат во целост.

Истовремено, Ве известуваме дека до Државното правобранителство на Република Северна Македонија на ден 04.10.2021 година од Влада на Република Северна Македонија примен е допис заведен под архивски број 08-5566/1 од

04.10.2021 година со нивно произнесување, во врска со Вашето барање за произнесување по однос на предјавување на оштетно побарување и приклучување кон кривичен прогон врска Ваш допис КО 36/21 од 17.09.2021 година.

Со почит,

Прилог:

- Допис заверен под архивски број 02-10076/4 од 04.10.2021 година
- Допис заверен под архивски број 08-5566/1 од 04.10.2021 година

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**ЗА ПОДРАЧЈЕ СКОПЈЕ**
**Елена Саздовска**

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -
Сектор за правни работи

- SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -
Sektori për punë juridike

Скопје/Shkup, 04-10-2021 година/viti

Бр./Nr.: 02-10076/4

**ДО ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
- **Бул.Гоце Делчев бр.18 Скопје**

Архивски знак:________________
Рок на чување:____________год.
_______________202___ год.
Потпис,

- **Доставено и до**

**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА**
- **Скопје**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AVOKATURA SHTETËRORE
E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: / Pranuar më: 04-10-2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| | | | |

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Почитувани,

До Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија од ваша страна беа доставени списи на произнесување заверени под Ваш бр. IV.А-33/21 од 24.9.2021 година. Во врска со вашите барања, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, до вас достави одговор заведен под наш бр. 02-10076/3 од 30.9.2021 година.

Во поглед на претходно доставениот одговор од наша страна, Ве известуваме дека истиот го повлекуваме во целост од причина што е направен превид и одговорот е доставен со потпис од генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, и во кој одговор се наведуваат околности за приклучување кон кривичен прогон и дали предјавуваме оштетно побарување за постапки односно набавки кои се водени и реализирани во период кога сегашниот генерален секретар не ја извршувал функцијата.

Генералниот секретаријат и генералниот секретар од почетокот на истражната постапка па се до овој момент целосно соработуваше со Основното


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и ги достави сите документи и списи со кои располагаме.

Генералниот секретар не може да изврши квалификација на евентуалното кривично дело ниту пак е надлежен за одлучување на околност приклучување кон кривичниот прогон и оштетно побарување, па оттука ве известуваме дека го повлекуваме претходно доставениот одговор од наша страна. Во прилог на произнесување на бараните околности Ви доставуваме одговор од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија со потпис од Претседателот на Владата поради фактот што Канцеларијата на претседателот на Владата ги има поголемиот дел од информациите за наведените постапки.

Прилог – Одговор од КПВРСМ

Со почит,

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**
**Sekretari i Përgjithshëm i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Мухамед Зеќири/Muhamed Zeqiri**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

04 -10- 2021

**Архивски број:** 08-5506/1

**ДО: Државно правобранителство на Република Северна Македонија**
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје

Почитувани,

Во врска со доставениот допис од ваша страна под број IV А-33/21 од 24.09.2021 година со кој барате од нас да се произнесеме по однос на оштетно побарување и кривичен прогон КО. Бр. 36/21 од 17.09.2021 година во врска со набавка на софтвер за определување на просечна брзина на возила во сообраќајот и изрекување на казни од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со кое барате наше произнесување во врска со постоење на штета, како и за висината на истата како и за тоа дали се приклучуваме кон кривичниот прогон го даваме нашето произнесување:

1. Сите споменати набавки се предвидени во плановите за јавни набавки согласно член 75 став 1 и 4 од Законот за јавни набавки според кој врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени и/или дополни планот согласно со планираните или обезбедените средства за јавни набавки и истите ги објавува на ЕСЈН. **Со оглед на тоа дека предметните набавки биле предвидени во планот за јавни набавки и биле предвидени буџетски средства за нивна реализација, истите се во согласност со Законот за јавни набавки**

**Прилог :**

- План за јавни набавки за 2019 година.

2. Согласно член 57 став 2 од Закон за организација и работа на органите на државната управа во управната постапка и во одлучувањето по одделни прашања, како и во други случаи предвидени со закон и друг пропис, директорот кој раководи со самостојниот орган на државната управа и на управната организација донесува решенија. Со оглед на тоа дека во член 39 став 2 од Законот


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118-022
www.vlada.mk

за Влада е дефинирано дека Владата има генерален секретар кого го именува и разрешува Владата и во однос на Генералниот секретаријат, генералниот секретар ги има правата и должностите на функционер кој раководи со орган на државната управа, а неговата работа се утврдува со Деловникот, **донесените одлуки за набавка се во целост со овие законски одредби, односно Генералниот секретар е тој кој носи одлуки за јавни набавки.**

3. Одлуките за набавка се донесени, а набавките се спроведени врз основа на Законот за јавни набавки, Законот за организација и работа на органите на државната управа како и Законот за Влада на Република Северна Македонија и тоа:

- Согласно член 28 од Законот за јавни набавки а подоцна променет во член 77 од новиот Закон за јавни набавки за потребата од јавна набавка одлучува договорниот орган. Согласно став 1 од овој член, **сите од одлуките се донесени од страна на надлежен орган, односно од страна на Генералниот секретаријат.**
- Во ставот 2 од овој член е пропишано дека со одлуката се утврдува предметот (видот) и количината на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот, начинот и постапката за доделување на договорот за јавна набавка и се назначуваат претседателот и членовите на комисијата за јавна набавка, нивниот број и нивните заменици (во натамошниот текст: комисија), како и ангажирање на надворешни стручни лица, доколку е потребно. **Од одлуките за набавка може да се види дека сите одлуки за набавка се изготвени согласно овој член од законот.**

**Прилог :**

- Одлука за набавка на услуги – софтвер за определување на просечната брзина на возилата и изрекување на казни 4706-9320/1 од 21.11.2019 година
- Одлука за набавка на услуги – Систем за биометриска идентификација 4706-1328/1 од 13.02.2019 година
- Одлука за набавка на работи – метални кабини за потребите на системот за биометриска идентификација и систем за автоматско препознавање на регистарски таблици 4706-4236/1 од 03.06.2019 година
- Одлука за набавка на работи – ANRP камери за препознавање на регистарски таблици на возила бр 4706-6628/1 од 29.08.2019 година.

4. Набавките се направени врз основа на надлежности и овластувањата кои Генералниот секретар ги има и тоа

- Согласно член 40-а од Законот за Влада Генералниот секретар обезбедува координација и стручна поддршка за потребите на Владата, претседателот на Владата, неговите заменици, како и на членовите на Владата во


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118-022
www.vlada.mk

остварувањето на нивните надлежности; заради обезбедување на неопходните информации и стручни совети и мислења во врска со креирањето и анализа на политиките на Владата. За таа намена се набавени Софтвер за определување на просечната брзни на возилата и изрекување на казни, ANRP камери за препознавање на регистарски таблици како и метални кабини за овој систем **со цел да се реализира оваа обврска и надлежност од Законот за влада.**

- Набавката на Системот за биометриска идентификација и металните кабини за системот за биометриска идентификација е со цел поефикасно и попрецизно евидентирање на вработените во Владата на РСМ, преку биометриска идентификација со цел да се подобри ефикасноста во работењето на Владата и да се спречат манипулации при евидентирање на работно време. Оваа обврска и право произлегува од деловникот за работа на Влада, член 21 став 2 во кој е наведено дека Генералниот секретар се грижи за унапредување на работата на Генералниот секретаријат и за создавање услови за негово поефикасно и поуспешно работење. Согласно Законот за заштита на лични податоци дозволено е обработка на биометриски лични податоци (посебна категорија на лични податоци) заради тоа што се исполнети условите од член 13 од Законот за лични податоци според кој ова е дозволено кога се работи за прашања од областа на работните односи, а во претходниот закон дефинирани како права од областа на трудовото право. Согласно ова, **целта која се сака да се постигне со оваа јавна набавка е унапредување на работата на Генералниот секретаријат и за создавање услови за негово поефикасно и поуспешно работење**

Имајќи го сето ова во предвид, согласно законските овластувања и надлежности, **сите набавки се во рамките на овие законски овластувања и надлежности заради подобрување на работата на Владата во целина и на Генералниот секретаријат.**

**Сите наведени надлежности на генералниот секретар и Генералниот секретаријат се согласно Законот за Влада и согласно Деловникот за работа на Влада. Оттука, се што како надлежност е наведено со допис бр. 45-5165/9 од 25.05.2021 година испратен кон ОЈО ГОКК се наведени во истиот. И двата системи кои се набавени се набавени во насока на остварување на надлежностите и обврските од Законот за Влада, како и за подобрување на ефикасноста на работата на Генералниот секретаријат согласно Деловникот за работа на Влада.**

5. Сите набавки се спроведени по пат на електронска аукција каде што критериум за избор бил најниската цена, освен кај постапката за набавка на Софтвер за определување на просечната брзни на возилата и изрекување на казни, каде 20% од поените се доделувани за квалитет. Но, во сите јавни набавки е


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118-022
www.vlada.mk

склучен договор со економскиот оператор кој има дадено најниска цена. Согласно документацијата од предметните набавки за ниту една од нив нема вложено жалба по направениот избор. Согласно тоа, постапките биле спроведена во конкурентски процес без фаворизирање на ниту еден економски оператор со почитување на начелата на економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства и успешно остварување на целите на своето работење, утврдени во согласност со прописите кои го уредуваат користењето на буџетските и другите јавни средства

6. Целокпната опрема и услуги кои биле побарани од страна на Договорниот орган се во целост испорачани, за што како доказ постојат испратници со кои се потврдува нивното примопредавања. Согласно тоа, договорите се во целост и навремено исполнети.

7. Сите ствари кои се набавени се заведени во сметководствената евиденција на основни средства на Влада на РСМ – Генерален секретаријат, а по извршениот попис за 2020 година и извршениот вонреден попис во мај 2021 година е констатирано дека целокупната опрема која е набавена постои и е согласно доставените испратници.

8. Во однос на тоа дали дефинираните технички специфики упатуваат на патентот со назив "Систем и уреди за контрола на брзината на возилата во сообраќајот, определување на просечната брзина и изрекување на казни" не може да се произнесеме од причина за истотот немаме добиено соодветен материјал, а исто така по истото треба да се произнесе вешто лице од областа на интелектуалната сопственост. Согласно тоа не може да одговориме дали е повреден член 82, став 8 од Законот за јавни набавки

9. Не е повредено начелото на економичност, ефикасност и ефективно користење на јавните средства (член 4 од ЗЈН) со тоа што е набавено првин опремата потоа софтверските апликации, од неколку причини, пред се затоа што секоја од постапките е независна сама за себе и не предвидено во ниедна одлука по каков редослед ќе се набавуваат стварите, а уште повеќе што некои од постапките се повеќе пати поништувани, а исто така затоа што на крај сите овие поединечни набавки стануваат дел од две функционални целини.

Не е повредено начелото на економичност, ефикасност и ефективно при користење на јавните средства, затоа што и софтверот за сообраќајна анализа и софтверот за биометриска идентификација се системи кои работат и имаат функционалност независно од набавената опрема. Уште повеќе што


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118-022
www.vlada.mk

**при набавка на два софтвери се набавени изворните кодови на истите, што значи дека во иднина Владата нема да биде зависна од никој при евентуални промени на истиот. Исто така системот за биометриска идентификација и системот за сообраќајна анализа во ништо не се зависни од металните кабини кои за нивна потреба се набавени. Истите се комплетно функционални и без нив, односно може да се поставаат и да работат и без нив.**

10.Не може да се произнесеме во однос на тврдењето на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција дека лицата Ивица Димитровски и Игор Христов учествувале во изготвување на техничката спецификација за тендерската документација, од причина **што во Генералниот секретаријат не постои документ со кое ова е нотирано или потврдено.**

11. **Не може да се произнесеме во однос на повредата на член 31 став 1 од Законот за јавни набавки** од причина што во Генералниот секретаријат не постои доказ дека е вршена и друг вид на комуникација во врска со јавните набавки по отпочнување на постапката за јавна набавка, освен со користење електронски средства преку ЕСЈН како и тоа дека се вршени консултации со учесниците во постапката.

12.Софтвер за определување на просечната брзни на возилата и изрекување на казни е целосно имплементиран на ден 06.07.2020 година, кога е и заведена фактурата која е доставена од страна на Инвока Груп ДООЕЛ Скопје за што постои и потпишан Записник од технички прием за примопредавање на софтвер од истиот датум. **Исплата е по доставување на Записник од технички прием за примопредавање на софт**вер, односно по неговата имплементација и тоа на ден 09.07.2020 година.

**Неспорен факт е дека софтверот за сообраќајна анализа е имплементиран пред да биде наплатен. Во нашиот допис број 45-3576/5 од 01.04.2021 година помеѓу испратените документи се и 3 документи кои потврдуваат дека редоследот на имплементација и плаќање бил во рамки на договорот и во рамки на тендерската документација**

Хронолошки како и што е испратено:

Првин е доставен Записник од технички прием за примопредавање на софтверско решение бр 10/2020 од 30.06.2020 година

Понатаму е доставена фактура бр. 058-02072020-1 од 02.07.2020 година од страна на Инвока, а примена во Влада на РСМ на 06.07.2020 година.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118-022
www.vlada.mk

Понатаму е доставен извод од банка за исплата на средства во износ од 4.997.300 на Друштво Инвока Гроуп ДООЕЛ Скопје по основ на купување на софтвер од 09.07.2020 година.

**Согласно оваи факти, хронолошки се запазени сите процедури.**

13.Во ниту една од постапките кои се предмет на истрага, никој од договорните органи **нема користено подизведувач,** кој согласно член 118 од ЗЈН треба да биде претставен во постапката или да е одобрен подоцна од страна на договорниот орган, за што нема податок кај никој од понудувачите и економските оператори со кои е склучен договор**, оттука и не може да е повреден член 36 став 1 од Законот за јавни набавки. Во ниту една од јавните набавки, лицата Игор Христов и Ивица Димитровски и правното лице ГБЦ системи не се наведени или користени како подизведувачи.**

Неспорно е дека во ниту една од постапките, ниедна од договорните страни нема користено подизведувач, а со тоа ги нема користено нити компанијата ГБЦ Системи, ниту лицата Игор Христов и Ивица Димитровски. Имено, согласно Законот за јавни набавки, член 118:

Доколку понудувачот користи подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка, во понудата:

- ги наведува сите подизведувачи, како и секој дел од договорот за кој има намера да го додели на подизведувачи;
- доставува контакт податоци за законските застапници на предложените подизведувачи;
- доставува документација за утврдување способност на предложените подизведувачи и
- доставува барање од подизведувачот за директно плаќање, доколку подизведувачот го бара тоа.

При проверка на поднесените понуди е утврдено дека ниту еден од понудувачите-договорни страни нема наведено дека ќе користи подизведувач.

Според истиот член, став 3:

Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачите за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачи,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118-022
www.vlada.mk

- презeмање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

При проверка на целокупната документација е утврдено дека никој од понудувачите – договорни страни нема доставено барање за ангажирање на подизведувач

**Сите плаќања по извршените услуги се во целот реализирани кон самите договорни страни.**

14. **Системот за биометриска идентификација е во целост имплементиран, и се исполнети одредбите од член 4 од Договорот** склучен со Дигитал Медиалаб ДООЕЛ Скопје под број 4706-1328/12 од 15.04.2019 година, за што е потврдено и со спроведените пописи и со потпишаниот извештај за примопредавање. **Системот е одржуван во зависност од потребите на договорниот орган**

Системот за биометриска идентификација е во целост имплементиран за што постои и Записник од технички прием за предавање на имплементираното решение Систем за биометриска идентификација кој е доставен до ОЈО ГОКК со допис бр 45-4897 од 12.07.2019 година. Системот е целосно интегрирано решение, особено што при јавната набавка се набавени и хардверските компоненти и истите може да се поставaт независно од било која околина. Системот е неколкукратно тестиран и е пружано одржување и техничка помош на истиот при негово конфигурирање на металните кабини.

15. Сите стоки кои се набавени од правното лице ГБЦ Системи ДООЕЛ Скопје во временскиот период од 14.06.2017 до 27.12.2017 се набавени согласно член 11 од Законот за јавни набавки, односно дека набавките до 500 евра без пресметан ДДВ не се набавуваат согласно ЗЈН, туку без спроведување на постапка. Согласно член 11 од ЗЈН кој тогаш бил во сила, овој закон не се применува на набавки чиј вкупен износ месечно не е поголем од 500 евра во денарска противвредност без данок на додадена вредност. Особено што овој износ со Новиот ЗЈН од 2019 година е променет на 1000 евра. **Согласно тоа, овие набавки се согласно Законот за јавни набавки.**

16. Во однос на напишаното дека лицето Ивица Димитровски на лицето Драги Рашковски му давало по 30.000 денари од својот авторски хонорар, **не може да се произнесеме затоа што ова е правна работа за која не сме надлежни да одлучуваме**. Од наша страна може да потврдиме дека лицето Ивица Димитровски беше ангажирано во наведениот период и **врз основа на законски определените**


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118-022
www.vlada.mk

**овластувања** е склучен авторскиот договор и **во целост ги исполни обврските од потпишаните договори.**

17. Во однос на основите за сомневање дека лицето Игор Ивановски не ги извршувало своите работни задачи за кои **врз основа на законски определените овластувања** е склучен авторски договор во наведениот период наведуваме дека лицето беше ангажирано во целиот период за спроведување на Програмата за намалување на аерозагадувањето, која во 2020 година се реализираше во целост. **Лицето вршеше анализа и ревизија на проекти за намалување на аерозагадувањето, а за кои општините доставуваа проекти**, кои беа ревидирани во координација со општините кои аплицираа и по финилазирањето на ревидирањето, за истите е објавувано јавен оглас за набавка на стоки. **Лицето има доставувано месечен извештај за сработеното согласно одредбите од договорот**. Во однос на напишаното дека лицето Игор Ивановски преку лицето Ирена Ивановска на лицето Драги Рашковски му давало по 2/3 од својот авторски хонорар, **не може да се произнесеме затоа што ова е правна работа за која не сме надлежни да одлучуваме**. Од наша страна може да потврдиме дека лицето Игор Ивановски беше ангажирано во наведениот период и **во целост ги исполни обврските од потпишаните договори.**

18. Во однос на основите за сомневање дека лицето Маја Сиљановска не ги извршувало своите работни задачи за кои **врз основа на законски определените овластувања** е склучен авторски договор во наведениот период наведуваме дека лицето беше ангажирано во целиот период за да работи на неколку проекти и тоа: учествуваше во изработка и подршка на апликацијата **kupuvamdomasno.gov.mk** за спроведување на економските пакети на мерки за справување со корона кризата, учествуваше во подготовка на документација за проектот за **кодификација на правото** на РСМ, за што има и соодветна одлука на Влада на РСМ и учествуваше во креирање на Project Portfolio Management system кој е составен дел од системот на е-влада.. **Лицето има доставувано месечен извештај за сработеното согласно одредбите од договорот**. Во однос на напишаното дека лицето Маја Сиљановска преку лицето Ирена Ивановска на лицето Драги Рашковски му давало по 2/3 од својот авторски хонорар, **не може да се произнесеме затоа што ова е правна работа за која не сме надлежни да одлучуваме**. Од наша страна може да потврдиме дека лицето Маја Сиљановска беше ангажирано во наведениот период и **во целост ги исполни обврските од потпишаните договори.**

Во однос на ангажирањето на лицето Маја Сиљановска, даваме појаснување во однос на нејзиниот ангажман во процесот на изработка на софтвер


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118-022
www.vlada.mk

за кодификација на правото. Имено, точни се наводите доставени од наша страна дека лицето Маја Сиљановска не доставила изворен код за софтвер за кодификација на правото, **но тоа и не било никогаш предмет на нејзиниот ангажман**. Нејзината задача во процесот на изработка на софтверот за кодификација на правото во РСМ бил да учествува во изработка на спецификациата на софтверот, но не и во изработка на самиот софтвер. Како потврда за тоа е заклучокот на Влада на РСМ 40-2370/1 од 16.02.2021 година со кој е усвоена тендерската докуементација и е дадено задолжение на Генералниот секретаријат да отпочне постапка за набавка на тој софтвер. Согласно тоа, таков софтвер никогаш и не бил предмет на изработка до тој момент, туку само претходела постапка за негово специфицирање во кој било уклучено лицето Маја Сиљановска.

19. Во однос на делото кое му се става на товар на лицето Драги Рашковски, поранешен Генерален секретар на Владата на РСМ, **Перење пари и други приноси од казниво дело** од член 273 став 10 в.в. со став 1 од Кривичниот законик на РСМ, **не може да се произнесеме,** бидејки станува збор за терет кој му се става на товар кој не произлегува од неговите надлежност како поранешен функционер.

Согласно сето погоре наведено **не се приклучуваме кон кривичниот прогон од член 353, став 5 вв став 1 и 2 в.в. со член 24 од Кривичниот законик** односно лицето Драги Рашковски како поранешен Генерален Секретар на Владата на РСМ **не извршил пречекорување на границите на службено овластување** туку сите набавки и ангажирања на лица со авторски хонорари се направени во рамките на неговите законски службени овластувања, активно учествувал во сите процеси, затоа **не може да се смета дека со несторување можел да изврши кривично дело** преку давање на насоки за изготвување на техничка спецификација во консултација со учесниците во постапката, затоа што давањето насоки, доколку го имало е активен чин. **Не може да се произнесеме во однос на наводите дека е прибавена корист за некој друг или дали истиот прибавил корист за себе,** но правото да се учествува во постапките за јавни набавки и да се склучи договор за истите не е право кое го дава генералниот секретар, туку истото право произлегува од Уставот на РСМ и од Законот за јавни набавки, согласно ова право не може да биде прибавено од страна на друг , освен од самите економски оператори.

**Не пројавуваме оштетно побарување**, од причина што сите добра и услуги се испорачани или извршени од страна на економските оператори и лицата ангажирани со авторски договор.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118-022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

Сите средства кои биле побарани од добавувачите се уредно доставени и пописшани во основни средства во сметководствената евиденција на Владата. Во поглед на дописите со кои се појавува некаков недостаток на опрема, по извршените дополнителни проверки е утврдено дека истите се лоцирани, а недоразбирањето е настанато пред се поради не можност за комуникација помеѓу Генералниот секретаријат и лицата кои биле за тоа задолжени или пак потпишале документи за примопредавање.

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија

Зоран Заев



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3118-022
www.vlada.mk